**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија врз основа на член 48 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.102/26 и 148/26) објавува:

# О Г Л А С
**за избор на**

I

Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје

Согласно член 61 ст.1 од Законот за Јавното обвинителство (Сл.весник на РСМ бр. 42/20), кандидатите својата кандидатура ја поднесуваат писмено до Советот и треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- Да се државјани на Република Северна Македонија,
- Активно да го владеат македонскиот јазик,
- Да имаат деловна способност,
- Да имаат завршено правни студии со стекнати 300 ЕКТС или VII/1 степен на образование од областа на правните науки или нострифицирана диплома од правни студии во странство со стекнати 300 кредити и
- Да имаат положено правосуден испит во Република Северна Македонија.
  Согласно чл. 62 ст.1 т.5 и чл.66 од Законот за Јавното обвинителство на огласот може да биде избрано лице кое има непрекинат работен стаж од најмалку шест години како јавен обвинител до моментот на пријавувањето за именување и кој е оценет со позитивна оценка во последните три години.
- Изборот за Основен јавен обвинител на на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје ќе се спроведе на ден 28.10.2026 година во период од 08:00 до 16:00 часот.

Заинтересираните кандидати кои ќе се пријават на огласот пријавите заедно со потребната документација да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на Бул. "Крсте Петков Мисирков"бр.1, 3 спрат во рок од 15 дена од објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

Приемот на документи е секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот
Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 08-86/1
Скопје, 20.08.2026 година

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Башким Бесими**